РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА
Су.бр.04-13/20
29.05.2020 година

Врз основа на чл.42 и член 48 од Законот за судовите (Сл.весник Р.С.М. бр.58/06, 62/06, 35/08,150/10, 83/19 и 96/19) , АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

## за избор на 20 судии поротници

Апелациониот суд Битола на Судскиот Совет на Република Северна Македонија ќе му предложи 20 кандидати за избор на судии - поротници за време од 4 години.

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат условите од чл.42 став 2 од Законот за судовите (Сл.весник на РМ бр.8/06,58/06,62/06,35/08,150/10 и 83/2018 и 96/19 ) и тоа:

- за судија - поротник може да биде избран полнолетен државјанин на Република Северна Македонија со завршено најмалку средно образование, кој активно го владее македонскиот јазик, ужива углед за вршење на оваа функција и кој не е постар од 60 години;
- судијата поротник за судење на малолетници се избира од редот на лица со искуство во воспитанието и образованието за млади

Заинтересираните кандидати потребно е со пријавата да ги достават следните документи во оригинал или заверени на Нотар:

- Уверение за државјанство;
- Уверение за завршено образование;
- Потврда од казнена евиденција и
- Изјава дека со судија, судија-поротник во овој суд или со член на Судскиот совет на РСМ не е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар , заверена на Нотар.

Рокот за пријавување на кандидатите е 15 дена од денот на објавувањето на огласот.

Заинтересираните кандидати пријавата во прилог со потребните документи и контакт телефон можат да ја поднесат во писмена форма кај техничкиот секретар на Апелациониот суд Битола или по пошта на адреса “ Булевар Први Мај бр.63“ -Битола (со назнака за Јавен оглас за избор на судии поротници ).

В.Д.ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ
Љиљана Чочковска